РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 08-997/1
21.08.2023 год
ПЕХЧЕВО

Во согласност со одлуката на Владата за што поголема транспарентност и отчетност на органите на државната управа и јавните претпријатија, а практикувајќи ги европските вредности и член 17 и 17-а од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Р.М.бр.38/96,9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/2022 и 274/22), Советот на општина Пехчево, во својство на основач на претпријатието, објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за пријавување на лица**

- за член на Управен одбор во ЈКП „Комуналец” Пехчево (едно лице);

Кандидатот за член на Управниот одбор мора да ги исполнува следниве услови:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е жител на Општина Пехчево;
- има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование;
- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- да има најмалку 5 години од областа на дејноста на комуналното претпријатие;
- да има минимум три години работно искуство од областа на финансиско работење, правни работи или технички науки.

Времетраење на мандат: четири години, со право на уште еден последователен мандат.

Се поттикнуваат кандидатите што ги исполнуваат наведените услови, покрај наведените законски потребни документи, да достават соодветно мотивациско писмо (во слободна форма) и кратко CV (кратка биографија) во затворен плик со назнака „НЕ ОТВОРАЈ - ЗА ЈАВЕН ПОВИК ЗА ЧЛЕН НА УПРАВЕН ОДБОР ВО ЈКП КОМУНАЛЕЦ ПЕХЧЕВО,, во Архивата на Општина Пехчево, во рок од 8 дена од објавувањето на овој повик.

Комисијата за селекција за проверка на податоци по јавниот повик, по пат на административна селекција и интервју, подготвува и доставува предлог листа од најдобро рангираните кандидати до Советот на општина Пехчево.

Советот на општина Пехчево во рок од 15 дена од доставувањето на предлогот, ќе изврши соодветен избор од предложените кандидати и ќе донесе одлука за именување на член на Управен одбор во ЈКП „Комуналец” Пехчево.

Јавниот повик ќе биде објавен на веб-страната на општина Пехчево, огласната табла на општина Пехчево и веб-страната на ЈКП „Комуналец” Пехчево.

Совет на општина Пехчево
Претседател
Виолета Ѓорѓиевска
В. Ѓорѓиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ПЕХЧЕВО ПЕХЧЕВО